**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СТРЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

# КОНЦЕПЦИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА УЧЕБНИК

**Скопје, јануари 2025**

## 1. Вовед

Подобрувањето на квалитетот на учебниците согласно Стратегијата за образование 2018-2025 година[1] е една од приоритетните задачи за да се обезбеди функционален образовен систем на европско ниво. Дел од активностите во Стратегијата произлегуваат од донесување на Национални стандарди што се основа за иновирање на наставните програми што треба да резултира и со изготвување нови или ревидирани учебници. Во таа насока Бирото за равој на образованието, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје спроведоа активностите за изработка на нова Концепција за изготвување на учебник и Методологија за вреднување на учебник.

Претходната верзија на Концепцијата изготвена во 2010 година[2] вистински не заживеа во практиката и тоа веројатно придонесе голем број од учебниците што се во употреба да не ги задоволуваат критериумите за квалитетен учебник. Иако нема систематско истражување за вреднување на одделни учебници, реакциите на стручната и засегнатата јавност укажуваат на разновидни слабости на одделни учебници. Така на пример, една од главните слабости на досегашните учебници на кои многу често се посочува е јазикот (авторскиот јазик, стилот на изразувње на авторите, како во оригиналните ракописи, така и во преводот на учебниците): изразот е невешт, нејасен, помпезен, и далечен од јазикот којшто би го разбрале децата на дадената возраст. Во многу случаи учебниците страдаат од лош стил во смисла на тоа дека не се доволно разбирливи ниту за родителите, а камо ли за учениците: неспособност да се даде едноставна, јасна дефиниција со што е можно поедноставен, но прецизен јазик. Во случаи кога науката оперира со премногу формален јазик, и потполното упростување на изразот е невозможно во самата дефиниција, треба да следи опис, објаснување со говор близок на секојдневниот кој детето може да го разбере и да ја замисли појавата во стварност. Значи, применливоста не треба да се состои само во нудење вежби, туку и нудење примери во самата експликација и поедноставување на јазикот.

[1] Стратегија за образованието за 2018-2025 година и Акциски планhttp://mrk.mk/wp-content/uploads/2018/10/Strategija-za-obrazovanie-MAK-WEB.pdf

[2] Концепција за изработка на учебник и методологија за вреднување на учебник /, Биро за развој на образованието, Скопје, 2010

Со цел да се пристапи кон попрецизно дефинирање на индикатори/стандарди за учебник кои ќе овозможат подобрување на квалитетот на учебниците за основно и средно образование, Бирото за равој на образованието спроведе истражување на тема: Унапредување на квалитетот на учебниците во основното и средното образование[3]. Резултатите од истражувањето ги лоцираа потенцијалните предизвици за подобрување на процедурите за изготвување учебници, ги идентификуваа мислењата на наставниците за одделни аспекти на квалитетот на учебниците што се користат, како и искуствата на учениците со учењето од учебници. Главните наоди од истражувањето укажуваат на следното:

- Учебниците се усогласени со наставните програми главно од гледна точка на наставните содржини, а не и од аспект на наставните цели.
- Постоечките учебници се задоволитено застапено и корисно средство за учење за време на часовите, но не и за соодветно средство за самостојно учење на учениците главно поради тоа што можноста за нивно успешно користење зависи од предзнаењата и способностите на учениците, а начинот на кој се напишани недоволно ги мотивира учениците да го учат предметот. Најчесто користени во наставата се учебниците по мајчин јазик, странски јазик, математика, физика и хемија, а најретко оние по физичко и здравствено и по ликовно образование. Начинот на нивно користење зависи од видот (содржината, структурните елементи). Повеќето ученици сметаат дека учебниците не им се неопходни за да го научат материјалот, па почесто учат од белешките во тетратките направени за време на часот затоа што наставниците го кажуваат истото што го има во учебниците и/или очекуваат да се научи тоа што тие го кажале на часовите. Учениците ги користат учебниците најчесто за рецептивно учење (читаат и раскажуваат) затоа што обично никој не ги учел како поинаку да учат, а учебниците не им нудат насоки за тоа.

[3] Извештај од истражување на тема Унапредување на квалитетот на учебниците, Биро за развој на образованието 2019. www.bro.gov.mk

- Најмалку се спори точноста на фактите и дефинициите, а најмногу се проблематизира разбирлвоста на стручната терминологија, и употребната вредност на учебниците за поттикнување на учениците за повисоки нивоа на размислување и за развивање интерес за наставните содржини опфатени со учебниците. На поголемиот број ученици не им е лесно да учат од учебник најмногу поради тоа што содржините не се доволно јасно презентирани, во некои учебници лекциите се предолги и здодевни, а во други нема доволно информации. Илустрациите (слики, табели, графикони, прашања, дополнителни информации и сл.) се сметаат за корисни доколку служат за разјаснување на содржините.
- Наставниците кои предаваат на македонски наставен јазик се позадоволни од улогата на учебниците како промотори на мултикултурност од наставниците со албански наставен јазик. Наставниците што предаваат на албански јазик најголем проблем гледаат во јазичната прилагоденост на учебниците.
- Повеќете наставници би биле позадоволни доколку во наставата, освен учебниците би се користеле и лесно достапни дидактички средства и други наставни материјали, не само такви кои се дополненија на учебниците, туку и такви што се независни од самиот учебник. Електронската достапност на учебниците е попасакувана од учениците отколку од наставниците. Прирачник за наставникот како дополнение на учебникот е меѓу попосакуваните работи од страна на наставниците, а работните тетратки во електронска форма се посакувани од страна на учениците.

Сознанијата од истражувањето, пилотирањето на стандардите и индикаторите од Методологијата за вреднување на учбник, како и анализата на слични документи од држави со поквалитетни образовни системи, дадоа јасна насока во структуирањето на Концепцијата за учебник, што е основа и за изготвување на Методологија за вреднување на учебник, а во натамошниот период и за методологии за вреднување на учебници по одделени наставни предмети/области.

Овој документ им е наменет на сите што се вклучени во разни фази на изготвување на учебниците: авторите, рецензентите, советниците од Бирото за развој на образованието (што даваат мислење за учебниците), Педагошката служба, издавачките куќи што издаваат учебници, како и на истражувачите во областа на учебниците и на наставниците што ги избираат и користат учебниците. Имајќи предвид дека сите потенцијални корисници на Концепцијата и Методлогијата се професионалци во областа на образованието, вклучувајќи ја и проблематиката на учебниците, Концепцијата треба да се сфати како рамка што ќе придонесе за изедначено разбирање за тоа што е квалитетен учебник.

Концепцијата има два дела: првиот се однесува на основните начела од кои треба да се поаѓа во изготвувањето на учебник, а во вториот се подетално опишани подрачјата на обезбедување квалитетен учебник. Врз сонова на наведните делови изготвена е Методологија за вреднување на учебник која ги опфаќа сите подрачја наведени во Концепцијата за учебник и стандардите во рамките на одделните подрачја. Самото вреднување на учебниците се прави врз основа на конкретни индикатори наведени во методологијата и изведени од стандардите. Методологијата е наменета, пред сѐ, за рецензентите од коишто се очекува да го спроведуваат вреднувањето на учебниците според наведените индикатори во рамки на секој стандард. Дополнително, методологијата може да им служи и на потенцијалните автори на учебниците, кои преку стандардите и индикаторите од сите подрачја добиваат конкретни насоки за тоа што треба да имаат во вид кога ќе го пишуваат учебникот, како и детални информации за начинот на кој ќе се проценува колку се задоволени поставените стандарди.

## 2. ОСНОВНИ НАЧЕЛА ВО ИЗГОТВУВАЊЕ НА УЧЕБНИКОТ

### 2.1. Дефинирање на поимот учебник

Иако се чини дека во нашиот образовен контекст е доста јасно што се подразбира под учебник, во педагошката наука се сретнуваат различни разбирања за тоа што се подразбира под овој поим. Ако во минатото учебник беше “книга која е основно наставно средство за учење на определен наставен предмет“, денес современиот учебник ги опфаќа

и ги потенцира активните методи на учење, а истиот е придружен со работни тетратки и слични материјали за учење. За да се обезбеди поефективно користење на учебникот во наставата се изготвуваат и прирачници за негово користење наменети за наставниците па се зборува за “учебнички комплет“.

**Учебникот,** како основно наставно средство и извор на знаење за остварување на очекувани реултати утврдени со наставните програми на основното и средното образовани во однос на другите материјали за учење ги има следните специфики:

- поврзан е со определена наставна програма;
- систематично и соодветно на возраста на ученикот презентира содржини што се нови за ученикот;
- содржните ги презентира преку помали организирани единици за учење/лекции;
- има адаптирана визуелна и графичка опрема за лесно снаоѓање;
- базиран е на методика специфична за определениот предмет;
- наменет е и прилагоден за самостојно учење;
- наменет е за масовна употреба.

**Целта на учебникот** обично е поширока од стекнување на знаења и вештини сврзани за конкретниот наставен предмет, односно од учебникот се очекува и “да влијае врз развојот на когнитивните и метакогнитивните способности [на учениците]...и на развојот на личноста во целина“[4].

Учебникот се користи за учење во училиште или дома, од него се учи самостојно и со помош на наставниците или родителите. Учебникот не е единствено средство за учење, но во повеќето образовни системи е едно од основните, а истражувањата покажуваат дека неговото користење е поврзано со постигањата на учениците[5].

### 2.2. Принципи во изготвувањето на учебници

---

[4] Trebjesanin, B., & Lazarevic, D. (2001). *Savremeni osnovoskolski udzbenik*. Beograd: Zavod za udzbenike I nastavna sredstva.
5 Tim Oates (2014), Why textbooks count, Cambridge Assessment

Учебниците, особено во образовните системи каде што многу се користат, се важен фактор за подобрување на постигањата на учениците. Истражувањето што претходеше на изготвувањето на Концепцијата покажа дека во нашите училишта учебниците многу се користат и во наставата и во самостојното учење дома[6]. Ако се има предвид дека во нашите училишта недоволно се користат други извори за учење, тогаш квалитетот на учебниците во нашава земја добива на значење, а и одговорноста на сите вклучени во нивното изготвување и избирање.

За да се обезбедат квалитетни учебници што ќе ги задоволат стандардите за квалитет сите вклучени во нивното изготвување и одобрување треба да се раководат од определени принципи[7].

**Стручност во предметната област**

Изготвувачите на учебник[8] се стручни во предметната област и базичен принцип од којшто поаѓаат при изготвувањето на учебникот е дека неговата содржината треба да е базирана на научно засновани, точни, прецизни факти и потврдени информации. Тие се свесни дека тој принцип треба да го почитуваат доследно и кога во учебникот треба да направат поедноставувања што се потребни кога сложени содржини треба да се претставаат во мал број лекции или кога треба да се избегне преоптоварувањето на учениците со вишок информации, како и кога стручните/научните содржини треба да се усогласеност со возраста и со предзнаењата на учениците. Умеат поедноставувањата да ги направат така што ќе се задржи точноста на содржините и нема да се "вулгаризира" научната/предметната област. Тие знаат кои се најважните и есенцијалните податоци што мора да бидат содржани, кои се најзначајните информации што треба им се пренесат на учениците, без оглед на комплексноста, разбирливо да ги претставаат. Стручноста се

---

[6] Извештај од истражување на тема Унапредување на квалитетот на учебниците, Биро за развој на образованието 2019. www.brogov.mk

[7] Под принципи се подразбираат основни норми, правила или вредности што покажуваат што е пожелно да ги поседуваат учесниците во процесот и кои помагаат да бидат успешни во фазите од процесот на изготвување на учебник за кои се одговорни. Принципите се над политиките и конкретните задачи и се очекува да влијаат на нив.

[8] Кога во понатамошниот текст се користи терминот изготвувач под него се подразбираат сите вклучени во изготвувањето и одобрувањето на учебниците (авори, рецензенти, советници, членови на Националната комисија за учебници).

огледа и во вештината комплексни содржини да се објаснат со позната терминологија и постепено да се воведува стручна терминологија од соодветната област.

Изготвувачите на учебник знаат дека една од клучните цели на учебникот е да му овозможи на ученикот поврзување и збогатување на поимите како во рамките на самиот учебник, така и преку поврзување на содржините од учебниците од претходните одделенија/години и во сродни предмети. Тие го знаат и почитуваат педагошкиот принцип дека секој поим треба да биде објаснет во учебникот, напредувањето во содржината и активностите треба да го водат ученикот во процесот на учење, концептите треба да го почитуваат правилото да се воведуваат од едноставни кон посложени, и да се поврзуваат со различни ситуации на нивата примена. Изготвувачите на учебници се свесни дека поврзувањето на содржините од различни области придонесува за подобро осознавање на поврзаноста на појавите во светот,  воспоставување на врски помеѓу наставните предмети, кои обично се изолирани еден од друг, или поврзување на факти коишто, на прв поглед, можат да изгледаат неповрзани и настојуваат тоа да го обезбедат во учебниците. Тоа им го овозможуваат познавањата од сродни области и вештините на различни начини да ги објаснат поимите, процесите и нивните релации.

Изготвувачите на учебниците ги следат новините во предметната област и  водат грижа содржините што ги презентираат во учебникот да бидат ажурирани и да одговараат на современите научни и општетствени текови.

**Стручност во областа на учењето и наставата**

Изготвувачите на учебници имаат предвид дека учебникот е специфичен вид книга наменет за учење за ученици што се на различно ниво на когнитивниот развој  којшто се карактеризира со специфики во воспириемањето на информации, нивното разбирање и усвојување. Тие, знаат дека учебникот треба да овозможи од него да учат ученици со различни искуствата и со различно ниво на  оспособеност за самостојно учење. Оттука за да обезбедат од учебникот успешно да учат учениците што се на определена возраст, со различни когнитивни способности изготвувачите на учебник не се само стручњаци за определена предметна област, туку имаат продлабочени знаења од областа на психологијата на учењето и методиката на наставата по соодветниот предмет. Тие знаат

како тече когнитивниот развој, како учениците на определено развојно ниво ги конструираат когнитивните шеми, и како создават систем на знаење во соодветната научна/предметна област и како учебникот може да придонесе за стекнување на когнитивни капацитети на различни нивоа на сложеност (познавање, разбирање, примена, анализа, вреднување и креативност[9]). Изготвувачите на учебниците познаваат различни методички приоди за развој на когнитивните вештини и систематично ги користат во учебникот. Авторите на учебниците веруваат дека учебникот може да придонесе за развојот на различни способности (мултипла интелигенција) и особини на личноста на учениците и водат грижа во учебникот да има содржини што ќе го поттикнуваат нивниот интелектуален, емоционален и естетски развој.

Учениците не секогаш имаат внатрешна мотивација за учење. За да успеат да ги заинтересираат учениците за учење од учебник авторите на учебникот знаат дека им се потребни и пошироки знаења за развојот на интересите и мотивацијата за учење и дека за тоа многу им користи искуството од работата со ученици на определената возраст. Раководејќи се од тие професионални знаења авторите настојуваат да создадат учебник од којшто ќе бидат мотивирани да учат најголемиот број ученици, учебник што ќе предизвика љубопитност, интерес и ќе го задржи вниманието. Авторите на учебникот знаат и дека учениците се разликуваат по начините на учење и тоа го имаат предвид настојувајќи во учебникот да создадат можности за ученици со различни интереси и начини на учење.

Авторите на учебници умеат на различни начини на пр. преку привлечноста и разновидноста на содржината, добриот баланс меѓу новото и познатото, ситуациите од непосредното опкружување, но и новите и непознати, можностите за примена на наученото, интересниот начин на презентација, привлечниот изглед  и др. да ја предизвикаат и задржат мотивацијата за учење од учебникот. Меѓутоа, не е доволно на учениците да им се допаѓа учебникот, неговите изготвувачи водат грижа тој да овозможува ученикот од него да учи самостојно и/или со поддршка од наставникот. Авторите на учебник знаат дека учењето, за повеќето ученици, не е лесно но дека

[9] Според Таксономијата на Бенџамин Блум, на која се базирани наставните програми во нашата земја.

учебникот може да го олесни. Тие умеат тоа да го обезбедат преку соодветната должина на лекциите, начинот на претставување на содржините, задачите и активностите, текстот и графичките елементи што ќе ги направат  блиски и привлечни за ученикот за тој да се чувствува релаксирано кога ќе ја прегледа лекцијата и ќе почне да ја учи. Авторите на учебниците знаат и веруваат дека самодовербата на учениците е важна за успешноста во учењето и  располагаат со репертоар на методички приоди како да ја развиваат со помош на учебникот, преку постапноста во претставување на содржините (од познато кон непознато, од поедноставно кон посложено) како и преку задачи што учениците сами или со помош на наставникот може да ги завршат.

Поголемиот број ученици што го користат учебникот немаат доволно развиени вештини за учење воопшто и од учебник посебно.[10] Авторите на учебникците се свесни за тоа и знаат да обезбедат учебникот да ги води учениците низ процесот на учење преку предизвикуивање интерес, содржини/ситуации што предизвикуваат когнитивен конфликт, потсетување, поврзување со претходното знаење, поставување проблеми, прашања, задачи, како и преку обезбедување апаратура за самопроверка на наученото и рефлексија за сопствениот процес на учење. Авоторите веруваат дека секој ученик може да го научи тоа што е во учебникот и тоа уверување го развиваат и кај  ученикот.

Авторите се уверени дека учењето од учебник не смее да биде мачна активност, што ќе одвраќа од учење и затоа промовираат  став дека учењето е интересно, корисно и потребно е да се учи за живот и во текот на целиот живот.

**Инклузивност**

Авторите на учебниците се залагаат за правото на образование за сите и веруваат дека секој ученик може да напредува. Водени од ваквото уверување во изготвувањето на учебникот го имаат предвид широкиот дијапазон на ученици што ќе го користат учебникот, а кои се разликуваат според способностите, искуството, семејното и поширокото опкружување и култура на живеење. Тие се убедени дека ученикот, ако има квалитетен учебник, ниту во еден момент нема  да се почувствува дека е “глуп“ и не може

[10] Истражувањето Унапредување на квалитетот на учебниците, Биро за развој на образованието 2019. www.bro.gov.mk

да ги разбере содржините што ги учи. Во учебникот обезбедуваат различни алатки на поддршка за учениците што потешко ги разбираат содржините, како и активности што ќе овозможат секој да биде успешен. Од друга страна, знаат дека треба да водат грижа и за учениците со побрз развој и дека учебникот не смее да биде здодевна книга за таквите ученици. Користејќи различни структурни елементи на учебникот (задачи, дополнителни содржини и сл.) искусните пишувачи на учебници умеат да го направат учебникот привлечен и за такви ученици.

Содржините во учебниците, особено оние од општествените предмети, лесно може да поддржуваат стереотипи и предрасуди по различна основа (пол, род, потекло, етникум, култура и сл.). Изготвувачите на учебници се сензитивни за нив, знаат како да ги препознаваат кај себе, што им помага да ги препознаат и во содржините што имаат намера да ги внесат во учебникот. Настојуваат во учебникот избалансирано и без стереотипи и предрасуди да бидат застапени различни социјални, културни и религиозни групи, особено оние кои постојано се стереотипизираат (на пр. девојчиња, жени, лица со посебни потреби, припадници на маргинализирани групи). Тие се водат од ставот дека учебникот преку позитивни примери за тоа како различните социјални, етнички и културни групи успеваат (и успеале) да живеат заедно на хармонично и взаемно корисни начини, преку фокусирањето на културните, социјалните и верските вредности што поддржуваат заедничко живеење може да придонесе за развивање на поинлузивна средина. Тие го препрочитуваат готовиот учебник со ум на "детектор на стереотипи и предрасуди" да обезбедат учебник да промовира инклузија по сите основи.

**Објективност**

Сите вклучени во изготвувањето на учебник го прифаќаат и се држат до начелото дека учебникот не смее да ги одразува нивните лични/приватни ставови и гледишта, како оние поврзани со предметната област, така и за поширокиот општествен контекст. Тие ги познаваат, прифаќаат и настојуваат учебникот да биде во функција на општите цели на образованието и нивната конкретизација во Националните стандарди[11]. Настојуваат во

[11] Во Националните стандарди се конкретизирани знаења, умеења и ставови што се очекува учениците да ги постигнат на крајот на секој образовен циклус во следниве подрачја: Јазична писменост; Користење други

учебникот да нема идеолошки или догматски гледишта, некомплетно знаење или информации и да не сугерира политички или идеолошки ставови, што понекогаш е тешко да се обезбеди, особено ако се работи за контроверзни прашања[12]. На изготвувачите им се познати начини како објективноста понекогаш може да се обезбеди преку презентирање на неколку толкувања на ист факт или неколку можни објаснувања од ист феномен и тоа го користат.

Посветени на општите цели на образованието и нивната конкретизација во Националните стандарди изготвувачите на учебниците водат грижа, колку што е можно во учебник по конкретен наставен предмет, да се придонесува и за развој на демократските граѓански вредности, личните и општествени ставови и вредности, естетските вредности, претприемничките ставови и вештини.

**Поддршка на наставата и учењето**

Изготвувачите на учебник во прв план имаат дека тој треба да биде во функција на поучувањето и на учењето. Тие се свесни дека наставниците во наставата се водат од наставната програма, и имаат слобода да користат различни наставни средства за да се постигнат целите, но имаат предвид и дека учебникот многу корисно средство за учење, особено на помала возраст. Затоа еден од основните принципи од којшто се водат е дека учебникот треба да биде изготвен така да обезбедува учење преку начинот на презентирање на клучните поими и содржини, обезбедување последователност и прогрес во учењето, проверка на напредувањето, но и да не го ограничува наставникот, туку да нуди и подржува инвентивни е ефективни приоди во наставата.

За да ја зајакнат поддршка на поучувањето и учењето многу автори се залагаат и обезбедуваат учебниците да се придружени со работни материјали (работни листови, тетратки и сл.), а за користење на учебникот во наставата изготвуваат и прирачник за наставникот.

---

јазици; Математика, природни науки и технологија; Дигитална писменост; Личен и социјален развој; Демократска култура и граѓанство; Претпримништво; Уметничко изразување, култура и мултикултура.

[12] Потребно е освестеност за идеолошка позиција и критичка свест кај авторите за можната спонтана идеологизација, односно кога спонтано влегуваат или пресликуваат вреднување на општествени претстави дури и кога е наводно идолошки неутрална содржината па и проблематиката (на пример, природни науки).

**Професионална одговорност**

Изготвувачите на учебници се убедени дека за да се обезбедат квалитетни учебници пишувањето на учебници и нивното оценување не треба да биде попатна работа на наставници, професори, советници и др., туку за тоа се потребни специфични знаења и професионални вештини. Затоа се залагаат за стекнување со дополнителни професионални знаења. Изготвувачите на учебници се залагаат за професионалност на сите вклучени во процесот, а тоа значи професионална ригорозност и критичност. Оттука авторите на учебник треба строго критички да го прегледаат својот ракопис, да го споредат со критериумите и индикаторите во оваа Концепција и во Методологијата и да не се раководат од принципот дека некој во наредните фази (рецензенти, Бирото, ЦРССОО) ќе оцени дали учебникот е квалитетен.

Рецензентите и другите вклучени во одобрувањето на учебниците треба да се стручни во предметната област, професионалци во образованието на ученици за коишто е наменет учебникот и да имаат увид и познавање на квалитетни учебници и од други земји. На тој начин тие ќе изградат високи очекувања за квалитет на учебникот. Тие треба добро да ги разбираат критериумите за квалитет на учебникот и ригорозно да ги применуваат затоа што имаат поголема професионална одговорност од авторите. При тоа не смеат да ги намалуваат критериумите заради разни објективни и субјективни околности.

## 2. ПОДРАЧЈА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТЕН УЧЕБНИК

Со ова Концепција утврдени се шест основни подрачја на квалитетен учебник. Во рамките на првото подрачје се определени барањата кои на учебникот му ги поставува наставниот план и програма и она што е дефинирано со тие документи. Следните три подрачја се однесуваат на дидактичко-методички елементи на организацијата на содржината на учебникот, со тоа што во второто подрачје се разгледуваат квалитетите на поедини елементи на учебникот (на пр. содржината и активностите односно, квалитетот на основниот/информативниот текст на лекцијата, дополнителните текстови, прашањата, задачите итн.), во третото се разгледува стратегија на поучување и учење, а четвртото е

посветено на и јазикот на учебникот. Петтото подрачје се однесува на дизајнот, на неговите технички и графички квалитети и шестото на придружните материјали на учебникот.

## 2.1 Усогласеност на учебникот со наставната програма

Учебникот мора да се води од утврдените национални стандарди за определен степен на образование, како и од наставниот план и наставната програма, на којшто се однесува. Наставната програма ги утврдува резултатите од учење, помите, активностите (начинот на подучувањето), како и стандардите за оценување. Тргнувајќи од тоа, при утврдувањето на организирањето на содржината на учебникот мора де се внимава на следните стандарди:

1. **Учебникот ги следи темите/подрачјата/ модуларните единици предвидени со наставната програма.**
2. **Учебникот ја следи наставната програма во поглед на застапеноста на предвидените резултатите од учењето.**
3. **Поимите предвидени со наставната програма се вклучени во учебникот.**

Според наведените стандарди, учебникот мора да ги содржи сите теми/подрачја/модуларни единици кои се предвидени со програмата; да ги разработува сите поими предвидени со програмата и да овозможи постигнување на резултатите од учење предвидени со програмата. Тоа е основно барање и според нормативната регулатива[13] доколку ова барање не е задоволено учебникот не може да се одобри за користење без оглед на тоа дали задоволува други барања.

Значително влијание во изготвувањето на учебникот од аспект на неговиот обем, бројот на лекции има наставниот план односно, предвидениот број на часови за реализација на наставната програма. Покрај вкупенниот број на часови, со наставната програма обично се предвидува и бројот на часови за реализација на поединечни

[13] Закон за учебници за основно и средно образование, http://www.mon.gov.mk/stored/documents/Zakon%20za%20uchebnici%20mk.pdf

теми/подрачја/модуларни единици предвидени, што дополнително влијае на структурата на учебникот (на пр. иделано е на секоја тема во учебникот да и се посвети онолку простор колку што е е предвидено во програмата). Содржината (пред се обемот) и структурата (бројот на поглавјата, лекциите) на учебникот мораат да бидат усогласени со расположливото време за нивната реализација.

Со наставната програма се предвидени основни поими кои ученикот треба да ги усвои во текот на учењето. Овие поими всушност ја определуваат основната содржина на учебникот. Тие се дефинираат и образложуват со основниот текст, но од дидактички причини можат и посебно да се истакнати.

Подрачја од националните стандарди, општите целите на наставната програма како и очекуваните резулти од учењето предвидени со наставната програма влијаат на изборот на методите и активностите како ќе се изучува определен предмет, и влијаат на содржината и концепцијата на учебникот.

Наставните програми преку резултатите од учењето ги дефинираат и когнитивните вештини и способности, ставови и вредности. Имено, учениците покрај усвојувањето на определен фонд на информации треба да развијат и посложени когнитивни вештини. Когнитивните вештини, на пр. способностите за истражување, решавање проблеми, не е можно да се остварат единствено со читање и разбирање на текстот во учебникот, затоа потребни се активности со кои учениците прочитаниот текст ќе го анализираат и ќе го издвојат она што е битно, ќе го класифицираат на разни начини и во однос на различни критериуми, ќе го систематизираат на свој разбирлив начин, критички ќе го согледаат, ќе решат некои проблеми итн. Самостојноста, независноста на мислењето, креативноста и сл. не е можно да се остварат без ситуација на учење каде што учениците ќе имаат можност и самите (самостојно) да ги изнесат своите мислења, да се определат за нешто, аргументирано да критикуваат, да креираат, предлагаат, планираат итн. Со учебникот, исто така, треба да се предвидат активности кои се извршуваат кооперативно – во пар, во група или тимски, но суштински учењето на социјалните вештини се случува надвор од учебникот, во контактот со другите, а учебникот може да упатува и на такви активности.

### 2.2 Избор и приказ на содржините

При изборот и прикажувањето на содржините во учебниците треба да се имаат во вид следните стандарди:

1. **Лекциите во учебникот се презентирани на начин кој олеснува да се увиди што е тоа што учениците треба да го научат, од аспект на цели/ очекувани резултати и наставни содржини.**
2. **Во учебникот се презентирани точни, современи, научно засновани и релевантни сознанија.**
3. **Примерите и илустрациите во учебникот се во функција на наставните содржини и се прилагодени на учениците.**
4. **Нивото на тежина на содржините во учебникот соодветствува на барањата на наставната програма и на нивото на когнитивниот развој на учениците.**
5. **Учебникот не развива и поддржува стереотипи и предрасуди, туку промовира еднаквост и почитување на различности по сите основи.**
6. **Содржините и активностите во учебникот го одразуваат мултиетничниот состав на државата, промовираат почитување на сите етнички заедници во државата и ја поддржуваат меѓуетничката интеграција.**

Учебникот како целина мора да биде логички структуриран (според когнитивните капацитети, очекувања и културните специфики на читателот/ученикот). Во прв план треба да ги издвојува основните, носечките идеи, да ги претстави поимите спред ниво на важност и односите помеѓу поимите. Учебникот обично има неколку основни поглавја (тематски целини). Секое поглавје се состои од неколку лекции. Секоја лекција е поделена на повеќе логички целини кои би требало да бидат организирани во поднаслови. Поглавјата, лекциите и деловите на лекции ја репрезентираат структурата на градивото и ја претставува логичката основа за неговото разбирање и долготрајно паметење. Структурата на градивото, а не градивото само по себе, според Брунер[14] ја претставува содржината која ученикот ја учи. Доколку не е јасно кои се главните компоненти на градивото, а што се делови на тие компоненти, учењето е отежнато, а совладувањето на градивото проблематично.

[14] Bruner, D. (1988). Proces obrazovanja. U: *Psihologija u nastavi*. Beograd: Savez drustva psihologa SR Srbije

Насловите и поднасловите овозможуваат да се структурира градивото што се бара, а освен тоа, помагаат и да се мотивира ученикот за учење. Во таа смисла, преку формулацијата на насловите, а особено поднасловите во рамки на лекцијата, на интересен начин, кај ученикот може да се предизвика инерес, желба за знаење, когнитивен конфликт и сл. Некои наслови ја обезбедуваат едната или другата функција, а некои можат истовремено да одговорат и на двете – да обезбедуваат видливост на структурата на градивото укажувајќи на содржината и да го поттикнуваат ученикот на учење.

Основен елемент на содржината во учебникот е лекцијата. Лекциите се поделени на помали логички целини кои се најчесто посебно насловени (со поднаслови). Секоја лекција ги содржи следните структурни елементи: очекувани резултати од учењето, основен текст, дополнителен текст, илустрации и активности за учениците[15].

Лекцијата обично започнува со посочување на ***очекуваните резултати од учењето*** наведени во наставната програма, но презентирани на начин кој е приемчив за учениците. Најдобар начин да се стори тоа е преку поврзување на очекуваните резултати со одговорите што би ги добиле учениците на прашањата што вообичаено си ги поставуваат кога им се бара да учат определени содржини: Што ќе ми е мене ова? Ќе ми треба ли ова некогаш во животот?. Лекцијата може да заврши со прашањата за самопроценка на совладаност на содржината, односно за постигањето на очекуваните резултати од учењето.

***Основниот текст*** на лекцијата има доминантно значење за учебникот. Преку неа се изложува градивото кое ученикот треба да го научи. Основниот текст треба да ги изложи наставните содржини и да биде организиран на начин кој во прв план ги издвојува основните (носечките, главните) идеи и ја одразува хиерархијата на поимите и односите помеѓу нив (ги прави повидливи односите целина–дел, општо–посебно, дефиниција–пример, причина–последица, итн.). Спротивно на тоа, лошо организираните содржини на

[15] Исклучок се лекциите коишто се фокусирани на развивање вештини кај учениците, без да нудат нови знаења. Такви се, на пример, лекциите по јазик (мајчин или странски јазик) чија основна намена е да овозможат да се вежба читање или преведување. Во овие лекции, текстот го нема значењето што го има основниот и/или дополнителниот текст во другите лекции, илустрациите се непотребни, но очекуваните резултати од учењето треба да бидат посочени и евентуално поткрепени со соодветни активности за учениците.

основниот текст не се препознава на што треба да се стави акцентот, па најчесто поединостите и неважните детали стануваат битни затоа што не е сосема јасно што е повеќе, а што помалку важно, што е општо, а што посебно, што е правило/закон, а што пример. Неиздиференцираните содржини на основниот текст го отежнуваат разбирањето и стимулираат учење напамет.

Покрај основниот текст лекциите може (но не мора) да содржат и ***дополнителни текстови***. Додека основниот текст ја следи програмата и произлегува од неа, функцијата на дополнителните текстови е да обезбедат проширување на основната содржина со факултативни делови чија цел е, или да ги заинтересираат учениците да го учат градивото, или да понудат дополнителни содржини наменети за учениците што веќе имаат поизразен интерес за градивото што го покрива лекцијата. Тука спаѓаат различни занимливости (на пример, од типот верувале или не, или гинисови рекорди, и сл.), подетални информации (на пример, описи на некој експеримент, куса биографија на истакната жена во дадената област, релевантен цитат/анегдота врзана за позната личност и сл.) и упатувања на други извори на знаење (на пр. Веб-старница, книга, енциклопедија), кои се презентираат најчесто издвоени во посебни рамки, без очекување учениците да ги научат.

***Илустрациите*** се составен дел на современиот учебник, подеднакво важен дел на учебникот како и на основниот текст. Се очекува сите лекции да содржат илустрации во вид на текстуални примери, цртежи, слики, графици, шеми, табели и сл. Илустрациите се појавуваат во текстот за да обезбедат конретизирање и/или визуелно прикажување на градивото (на пр. приказ на постапката на решавање на конкретна задача, скица на релјеф, цртеж на клетка во организмот, слика на државен симбол, шема на електрично коло, графички приказ на структурата на населението, табела со хемиски елементи). Се прикажуваат или како носител на градивото (како замена за дел од основниот текст) или како поддршка на основниот текст, или како комбинација од двете. Во првиот случај се користат за да се избегне подолга вербализација која не е неопходна, а во другиот случај за да се олесни запомнувањето и разбирањето на градивото презентирано во основниот текст.

Многу корисни посредници во учењето се илустрациите кои ги прикажуваат процесите, категоризациите и систематизациите, односите помеѓу појавите, односите меѓу причината и последицата, хиерархиските односи (надредено–подредено), временските промени на некоја појава (хронологија) итн. Ваквите илустрации имаат и битна развојна улога затоа што на ученикот му нудат логички средена информација која претставува модел кој може да го следи при средување на нови информации. Така, со помош на ваквите илустрации ученикот учи одредена содржина, но учи и да размислува на начин кој ќе му овозможи самостојно да ги организира нови содржини и полесно да учи во иднина.

Илустрациите се незаменливи во пренесувањето на одредените вредности и емоционално обоени пораки. Во таа смисла, илустрациите се битни за борба против предрасуди и промоција на почитување на рзличности (на пример, преку вклучување на лица во инвалидска количка и лица во родово нестеротипни улоги во визуелните прикази) и развој на интеркултурни компетенции (на пример, преку вклучување на културно/етнички специфични симболи во заеднички цртежи/фотографии).

При изборот и прикажувањето на илустрациите постојано треба да се има на ум дека покрај тоа што имаат сознајна улога, илустрациите служат и да го направат учебникот попривлечен за учениците и да го помогнат развојот на естетските вредности кај учениците.

Особено важен квалитет на илустрациите е нивната прилагоденост на возраста на учениците. За да комуницираат со учениците и да ги поттикнат на учење, илустрациите треба да бидат поврзани со генерациските искуства на учениците и да имаат значење за нив. При внесувањето на илустрациите во учебникот важно е да се најде права мерка на односот помеѓу текстот и илустрацијата. Повеќето автори сугерираат правило дека илустрациите треба да се користат само ако за нив постои потреба, ако им помагаат на учениците подобро да ја сфатат содржината, или ако ги поттикнуваат и емоционално ги придвижуваат на размислување и учење. Илустрациите што се цел сами по себе (илустрација поради илустрација), или како украс на текстот малку вредат.

Во учебниците за пониските одделенија се очекува илустрациите да доминираат во однос на вербалното излагање (основниот текст). На ученикот најпрво му се покажува појавата, процесот, а потоа и текстуално му се објаснува (дефинира). Во учебниците за повозрасните ученици илустрациите се поретко рамноправни со текстот, а почесто го следат текстот како визуелна поддршка или како појаснување.

Во ***активности за учениците*** спаѓаат сите оние кои поттикнуваат да се учи градивото и го олеснуваат совладувањето на наставните содржини и постигнувањето на наставните цели . Може да се однесуваат на содржините во самата лекција, но и да бараат поврзување на содржините од различни лекции и/или теми.

Активностите може да бараат индивидуална работа на учениците и да бидат дадени во форма на прашања за одговарање, задачи/проблеми за решавање, задачи/проблеми за истражување, анализи на ситуации/случаи или изведбени активности (цртање, пеење, глумење и сл.). Може да бараат групна работа и тогаш, освен како прашања, задачи/проблеми и анализи на ситуации/случаи кои се спроведуваат во мали групи, може да се базираат и на други форми кои бараат групна изведба (на пример, играње улоги, демонстрации/симулации, игровни активности). Активностите за учениците може да бидат наменети за реализирање на часот или за работа дома. Се препорачува активностите наменти за работа дома да бидат индивидуални. Се очекува повеќето од активностите за работа на часот да бараат групна работа.

За секоја активност која бара од учениците да пишуваат/цртаат нешто (индивидуално или групно; дома или на час) се подготвува посебен работен лист како придружен материјал на учебникот. За секоја активност што бара подетални инструкции за реализација наменети за наставникот (а не се неопходни за ученикот) се подготвува посебен работен прибор како придружен материјал за учебникот. Работниот материјал за реализација на активностите (работните листови и работниот прибор) задолжително се подготвуваат во електронска верзија, достапна за умножување и/или за директно користење. Дополнително, работните листови за учениците може да се групираат во работна тетратка, а работниот прибор за наставниците може да се понуди и како составен

дел од прирачник за наставниците, кој подетално ојаснува како да се користи учебникот за време на часовите.

*****

Комплексноста на изработката на учебникот произлегува од фактот дека неговата содржина истовремено мора да се усогласи со природата на оние на кои тие знаења им се наменети. Со други зборови, учебникот се изработува за ученици на точно определена возраст, па и формата на претставувањето и нивото на тежината на содржината мораат да се усогласат со карактеристиките на таа возраст. Пристапот и начинот на претставување на содржините за учениците на различна возраст нужно е различен. За тоа, посебно треба да се води сметка кога се работи за учебниците за ученици на помала возраст. Во тој период учењето е битно определено со начинот и можностите на когнитивното функционирање на детето. Како дететето мисли, и кои можности за учење ги има.

Во наставната практика ист учебник користат учениците со различни можности, па доколку тоа се занемари, презентираната содржина на некои ученици им е претешка, а на други премногу лесна. Во двата случаи последиците се исти – така изготвената содржина не допира ниту до едните, ниту до другите. Првите, поради тоа што не ја разбираат, а другите поради тоа што не им е доволен поттик. Затоа, особен предизвик е да се организира содржината за учење така да биде соодветна за различните можности на учениците. Можни се различни решенија на овој проблем. На пример, на учениците можат да им се понудат содржини со различен степен на тежина (полесна, средно тешка, тешка содржина) и/или од различен степен на задолжителност (задолжително за сите, факултативно итн.)[16]. Степенот на тежина/задолжителност добро е да биде посебно означен за да биде очигледно што е полесно, а што потешко совладливо или решливо; што е задолжително за сите, а што факултативно, интересно и сл.

Колку треба да биде тешка содржината за учење зависи од почетната состојба, од тоа што во врска со таа содржина ученикот веќе знае. Значи, доколку нема разлика помеѓу

---

[16] Ivic, I.D (1976). Skica za jednu psihologiju osnovoskolskih udzbenika: I- razvoj intelektualnih sposbnosti dece I udzbenik. Psihologija, Vol.9, 1-2, 25-45.

постоечкото и новото знаење, нема ниту учење, бидејќи ученикот веќе ја има постигнато поставената цел за учење. Спротивно на тоа, доколку таа разлика е премногу голема, учењето ќе биде претешко и со помали ефекти и недоволно за да се постигне целта. На прашањето колкав треба да биде тој расчекор (помеѓу познатото и непознатото) авторите може да се водат од познавањата за „зоната на следниот развој“[17]. Тежината на новата содржина треба да се определи во однос на предзнаењата и искуствата на учениците на конкретната возраст и да се постави малку над нивните актуелни можности. „Зоната на следниот развој“ е местото од кое се пресметува претходното знаење на учениците, врз кое се надградува новото знаење. Тогаш, новата содржина е прифатлив предизвик за ученикот: не му е прелесна (сосема позната), а онолку е тешка колку што ученикот со определено предзнаење и напор (самостојно или со помош) може успешно да ја совлада во предвиденото време.

Во дидактитката се познати два принципа на поврзување на знаењето: принцип на вертикална поврзаност и принцип на хоризонтална поврзаност на знаењето. Со вертикалното поврзување на знаењето се обезбедува развојност – постапно доградување нови на претходно научени знаења (идејата за спирален курикулум би требало да ги проткајува сите предметни програми, она што се учи во едно одделение се проширува и продлабочува во следните одделенија). Хоризонталното поврзување на знаењето подразбира воспоставување на смислени врски помеѓу сродните појави во различните области на знаење (на пр. симетрија се разгледува во биологијата како развоен принцип, во ликовната уметност како естетски принцип, во математиката како логички принцип итн.).

Едно е од поважните прашања во врска со квалитетот на учебникот е добро да ги репрезентира научните сознанија од областа/предметот на кој се однесува. При тоа, постојано треба да се има на ум дека, по дефиниција, учебникот е носител на фундаменталните знаења и трајните достигнувања во дадената научна област, дека во учебникот се претставени најрелевантните поими на определената научна област, дека учебникот треба да ја развива базичната писменост во определената област и сите

[17] Vigotski, L.S (1996). Decja Psihologija. U: Sabrana dela, IV Beograd: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva

дефиници и податоци во учебникот мора да бидат точни. Во учебникот во кој укажувањето на научната заснованост и релевантност на сознанијата се прави преку посочување на други извори и/или се очекува да се наведат изворите (содветно означени) за сите содржини што се земени од други извори.

Се очекува учебниците да бидат максимално можно искористени за промовирање еднаквост и почитување на различности по сите основи, како и за промовирање и поддршка на меѓуетничката интеграција (5. и 6. Стандард). Поради предметот што го покриваат, за дел од учебниците е многу очигледно дека тоа можат да го прават користејќи ги сите елементи на лекциите, вклучувајќи го и основниот текст. Уште на прв поглед, такви се очекувањата од учебниците за општествената група предмети и оние кои вклучуваат теми од општествените области или јазиците (на пример, учебници за граѓанско образование, за историја, за мајчин јазик, за странски јазици и сл.) и ги покриваат наставните цели/очекуваните резултати од учењето коишто директно придонесуваат за развивање демократска култура и интеркултурни компетенции кај учениците. Тоа не значи дека учебниците од други предмети не можат да постигнат еден од двата стандарди – разликата е само во умешноста тоа да се направи преку дополнителните текстови и илустрациите, па дури и преку активностите за учениците. Така на пример, илустрациите може да содржат лица со видливи ограничувања во можностите (со очила, во инвалидска количка, со бастум и сл.), лица во нестереотипни родови улоги, културни или етнички симболи итн. Исто така, во учебниците со текстуални задачи по математика во кои се спомнуваат имиња на лица, избраните имиња може да се типични за припадници на различни етнички заедници што живат во земјата. Или, учебниците по природните науки може да се искористат со вметнување на дополнителен текст да се посочат научници-жени кои дале свој придонес во областа покриена со темата/лекцијата.

Императив е учебниците да не содржат стереотипи и да не поттикнуваат родови, етнички и религиски предрасуди, како и предрасуди насочени кон лица со попреченост и кон лица што се припадници на други ранливи/маргинализирани групи. Освен тоа, многу е битно во секој учебник да се искористат сите можности преку најразличните содржини

што се нудат, во позитивно светло да се претставаат лица на различна возраст, со различни видови попреченост и со различен социјален статус, како и различните етнички заедници во државата, со акцент на заедничките елементи во историјата и современото живеење и на сличностите меѓу културите на различните етнички заедници во државата. Исто така треба да се внимава припадниците на машкиот и женскиот род да бидат подеднакво застапени и рамноправно третирани во сите контексти (во приватниот, семејниот, професионалниот и општествениот живот).

### 2.3 Поврзаност со учењето и поучувањето

Структурата и организацијата на учебникот има повеќе функции: да ја истакне структурата на градивото и да го олесни и да го поттикне учењето. За да се овозможи брзо пронаоѓање на информациите што им се потребни на учениците и ефикасно користење на учебникот треба да бидат исполнети следните стандарди:

1. **Учебникот е структуриран и организиран така да овозможува прегледност и го олеснува користењето.**
2. **Учебникот е напишан така што им овозможува на учениците сами да учат од него.**
3. **Учебникот ги поттикнува учениците со различни предзнаења да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата од предметот.**

За да биде прегледен, учебникот мора да биде систематичен и да овозможи непосреден и брз увид во целината на структурата на градивото. Со прегледот на структурата на учебникот, ученикот треба да стекне увид во целината на градивото, да ги препознае неговите делови и да ги увиди односите помеѓу нив. Ако на ученикот му е јасна целината на структурата на градивото, основните компоненти и односите помеѓу нив, веројатно е дека појасни ќе му бидат и поединостите кои логички се вклопуваат во тие

целини. Без јасна структура на градивото, тешко може да се најде смислата на поединостите, и тие подоцна брзо се губат и брзо исчезнуваат од меморијата.

Со кои симболички средства треба да се претставаат содржините зависи од возраста и од разликите на когнитвниот стил на учениците. Некои ученици подобро учат читајќи, а некои гледајќи. Едни подобро ги разбираат зборовите, а другите сликите. Помеѓу корисаниците на учебникот се наоѓаат учениците со различни когнитивни стилови, па и содржините на учебниците треба да се организираат и претставаат со користење на различни симболички форми. Една иста содржина може да се претстави: со текст, слика, графика, цртеж, нумерички, табеларно, шематски и сл. Сугестиите за важноста на презентирањето на содржините во повеќе паралелни симболички форми се базирани на современите истражувања на меморијата. Подобро и потрајно се памети содржина која на ученикот му е претставена на повеќе различни симболички начини. Освен комбинирање на симболичките изрази, на пример: комбинирање на текстуална и сликовна презентација, треба да се комбинираат и различни пристапи во рамките на еден симболички систем. На пример, истата содржина може вербално да се искаже на многу начини: со различни зборови, во форма на уметнички текст, во форма на новински извештај, со приказ и сл.

Најчест и највидлив дел од лекциите се прашањата и задачите кои може но не мора да бидат дел од активностите за учениците. Прашањата може да се поставуваат на крајот од лекцијата, на почетокот од лекцијата или може да бидат вклучени во самиот текст. Воведните прашања треба да го придвижат, мотивираат ученикот, да предизвикаат интерес и желба за осознавање (имаат и мотивациска и интелектуално-поттикнувачка улога) и најчесто се поврзани со очекуваните резултати од учењето. Понекогаш се користат и како подготовка за учење и служат за освежување и повторување на претходно научените содржини. Прашањата се поставуваат и подоцна во текот на претставувањето на содржината (може да бидат вткаени во самиот текст или да се јавуваат во форма на поднаслови) со цел да укажат на клучните места во лекцијата (да сигнализираат што е важно да се научи) и/или да ги направат содржините поинтересни и провокативни за учениците. Најчести се прашањата што се поставуваат на крајот од самата лекција и/или на крајот од поглавието. Тогаш служат за повторување (да се повторат содржините), за

вежбање (на пр. одредени математички принципи или постапки), за систематизација (за поврзување на знаењето од неколку лекции), или за самопроверка на усвоеното знаење (даваат повратна информација за степенот на усвоеното знаење).

Според намената, прашањата на кои се базираат активностите за учениците може да бидат репродуктивни и продуктивни. Репродуктивните прашања служат за повторување или за проверување на усвоеното знаење. Карактеристични се по тоа што нивниот одговор се содржи односно даден е во основниот текст. Од учениците се очекува со свои зборови да ја повторат содржината, било тоа да е буквално или скратено. Кај учениците се ангажира помнењето и елементарното разбирање на содржината. Препознатливи се по прашањата: Кој?, Кога?, Каде?, Наведи!, Наброи!, и сл. Може да се јават во форма на отворени или затворени прашања (на пр. Избери точен одговор! и сл.). Побитни за учењето се продуктивните прашања кои ги ангажираат мисловните процеси (логичко размислување, а во некои случаи и критичкото и творечкото мислење) и водат кон повисоките нивоа на знаење. Суштинската одлика на овие прашања е тоа што нивниот одговор не може директно да се пронајде во текстот на учебникот. До одговорот се доаѓа самостојно преку воочување на важното (на пр. Што е поентата?), со споредување и утврдување на сличностите и разликите (на пр. Во што се слични:? По што се разликуваат?), со воопштување, наоѓање на заеднички важни обележја (на пр. Што може да се заклучи?), со утврдување на врските и односите (на пр. Која е причината?), со оценување на правилноста или определувањето (на пр. Во што е предноста?), со наведување аргументи (на пр. Со што може да се оправда?), со смислување нешто (на пр. графичко прикажување на некои факти), со давање предлози (на пр. Што предлагаш?) итн.[18]. Преку продуктивните прашања се развива интересот за науката, љубопитноста, мотивација за учење и сл. Иако имаат поголемо педагошко оправдување (гледано во поглед на целите на наставата) продуктивните задачи не можат во целост да ги заменат репродуктивните задачи. Двата типа на задачи имаат свое незаменливо место во современиот учебник – единствено е важно нивниот сооднос да се прилагоди на карактеристиките на содржината и очекуваните резултати од учењето.

[18] Lalovic.Z (2015). *Put do dobrog udzbenika*. Podgovrica: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva

Задачата на учебникот е да му понуди на ученикот нови поими и термини, додека задачата на авторот на учебникот е да процени колку нови поими/термини можат да се воведат во еден текст. Доколку текстот содржи премногу нови термини, учениците тешко ќе го совладеат. Се препорачува умерено воведување нови поими/термини, но и нивно често повторување. Повторувањето е важна карактеристика на текстот во учебникот. Новите термини треба да се повторат повеќе пати, во различни контексти, на различни начини, во различни односи. Со тоа на ученикот му се остава простор подбро да ги разбере, постепено да ги усвои и поврзе со други различни поими.

Современите учебници често содржат и речник или индекс, а понекогаш и литература. Улогата на речникот е повеќекратна: да му помогне на ученикот во разбирањето на клучните поими и непознатите зборови, да го развива неговиот речник и да го вежба со прецизно изразување и конечно, да го навикне да ги користи поимите и новите зборови. Речникот може да се најде на крајот од секоја лекција (во вид на попис на користените поими) или систематизиран по азбучен/абецеден ред на крајот на учебникот (кога содржи прецизни дефиниции на основните поими кои се користени во учебникот). Меѓутоа, дефинициите на клучните поими и непознатите зборови може да се презентираат и во рамки на основниот текст, но визуелно издвоени од другиот текст. На тој начин се овозможува ученикот лесно и брзо да дојде до значењето на поимот/зборот кој е објаснет во контекстот. Речникот на крајот од учебникот му дава прилика на ученикот да го запознае значението на поимите/непознатите зборови кои го интересираат независно од лекцијата.

Во некои учебници, особено во учебниците за средно училиште, на крајот се наведува и литература (библиографски единици). Со наведување на литературата на учениците им се укажува на изворите (авторите, книгите, статиите и сл.) на кои е заснована содржината на учебникот. Во исто време со тоа му се дава можност на ученикот самиот да дојде до користената литература, самиот да ја анализира, истражи, користи на пр. при изработката на реферати, извештаи и сл. Во некои случаи, покрај користената се наведува и поширока литература која е во врска со содржината од учебникот (на пр. „корисна литература“ или „поширока литература“ и сл.). Во тој случај ученикот се

поттикнува да истражува, да го проширува и дополнува знаењето од одредена област. Библиографските едници се наведуваат во склад со вообичаените правила пропишани за научната област на која ѝ припаѓа учебникот.

Основно место во педагошката и психолошката литература завзема препораката дека мотивацијата за учење не треба да се бара далеку вон самото учење, односно надвор од учебникот и она што тој го нуди. Основните мотивациони средства на учебникот се неговата содржина и начиниот како тој е изложен (претставен): интересно или неинтересно, разбирливо или неразбирливо, важно или неважно за ученикот. Тоа не се едно или две средства кои можат да се додадат кон учебникот, туку тоа е учебник во целина – сите негови компоненти: формулацијата на насловите и поднасловите, занимливоста и релевантноста на дополнителните текстови, илустрациите и активностите за учениците, стилот и јазикот со кој е напишан основниот текст, дизајнот на учебникот и сл.

### 2.4. Јазик и стил

Содржините на учебникот се доминантно прикажани со пишан јазик. За разлика од говорниот, напишаниот јазик е попреизен, пологичен, граматички е подобро формулиран, па со самото тоа и е поподобен за излагање на фактите, идеите, знаењата наменети за учење и помнење. Јазикот на учебникот претставува специфичен облик на пишан јазик. Со оглед на тоа што со него се изразуваат факти, закони, теории и научни системи, јазикот на учебникот е поапстрактен, поблизок до јазикот на науката која ја репрезентира, а бидејќи е наменет за учениците и учењето, јазикот на учебникот е дидактички обликуван јазик и прилагоден на говорните и развојните можности на ученикот. Наведените карактеристики на пишаниот јазик и јазикот на учебникот се очекува да се сретнат во следните стандарди:

1. **Јазикот и стилот на кој е напишан учебникот овозможува лесно разбирање на содржините.**
2. **Учебникот ги почитува јазичните и правописните норми на јазикот на кој е напишан.**

Стандардниот јазик претставува нормирана варијанта на јазикот на кој се врши комуникација (усмена и писмена) во сите видови на јавна употреба на јазикот во одредено јазично општество. Тоа е јазикот на кој се очекува да се говори и да се пишува во училиштето поради што квалитетот на учебникот во јазична смисла значи дека учебникот е напишан во согласност со граматичките и правописните норми на стандардниот јазик. За коректност на учебникот во оваа смисла, покрај авторите одговорност имаат и лекторот и коректорот. Заради подобрување на прецизноста и јаснотијата на текстот лекторот врши и јазично-стилска доработка на конструкцијата на реченицата (синтакса), посебно внимавајќи да не ја менува содржината или смислата на оригиналниот текст. Доколку учебникот го пишуваат повеќе автори, добро е еден од нив да преземе улога на стручен редактор и да ја воедначи терминилогијата и стилот, а во тоа може придонес да даде и лекторот. Покрај лектурата се врши и коректура на печатениот текст, т.е. отстранување на правописните и интерпукциските грешки, како и другите типографски и технички грешки.

Со оглед на тоа што се очекува јазикот на учебникот да биде усогласен со јазичните можности на ученикот, познавањето на нивото на равојот на пишаниот јазик е од огромно значење за авторите на учебникот. Тука се мисли на сите аспекти на јазикот, како што се речникот, структурата и должината на реченицата, структурата на текстот, стилот на изразување. Истовремено, се очекува јазикот на учебникот да биде и развоен, да да поттикнува говорен развој на ученикот. Постои општо правило дека јазикот на учебникот треба да биде нешто над нивото на актуелниот јазичен развој на ученикот, со цел во исто време да биде и разбирлив но и поттикнувачки, како би придонел за унапредување на јазичните компетенции на ученикот.

Во учебниците се комбинираат два вида јазици – јазикот на науката (го карактеризира употребата на апстрактни, за ученикот непознати зборови, термини за означување и дефинирање на поимите) и секојдневниот, таканаречен комуникативен јазик (кој содржи зборови со вообичаено, за ученикот помалку-повеќе познато значение). Од една страна, јазикот на науката воведува поими (и релации меѓу поимите) кои ученикот треба да ги научи, а од друга, секојдневниот јазик служи тие поими да му се доближат на

ученикот, да му ги направат разбирливи и полесни за усвојување. Кога се пишува учебник, треба да се води сметка за соодносот помеѓу едниот и другиот јазик. Се препорачува во почетокот на учењето на некоја област на ученикот треба да му се претстави повеќе со комуникативен, за него поразбирлив јазик, а подоцна тој однос постепено да се менува, со продлабоченото навлегување во областа. Со други зборови, со цел да се прошири и збогати речникот на ученикот, секој учебник, без оглед на возраста за која се изработува, мора да содржи нови и непознати зборови (зборови кои ученикот не ги користи во секојдневниот говор и чие значение не го учел претходно). Меѓутоа, доколку учебникот содржи преголем број нови и непознати зборови, тогаш учењето од него станува отежнето или целосно оневозможено.

Битно барање е целиот текстот во учебникот да биде напишан во исти стил, независно од тоа колку автори учествувале во неговата подготовка. Се очекува основниот текст во лекцијата да биде поделен во пасуси, а секој пасус да биде организиран околу една носечка идеја. Секој пасус мора да содржи неколку реченици, при што првата реченица (а само по исклучок последната реченица) треба да ја изразува носечката идеја, а другите реченици во пасусот да бидат објаснување на носечката идеја (или да водат до неа, доколку идејата е презентирана во последната реченица). При тоа, текстот во пасусите треба да биде лесно читлив и разбирлив за учениците.

Како критериуми за тежината на читањето, односно како показатели на читливоста на текстот, се земаат: должината на речениците (бројот на зборовите во реченицата), бројот на непознатите зборови во однос на познатите, бројот на апстрактните поими во однос на конкретните (познати од искуството) итн. Препораката кој може да се изведе врз основа на формулата за читливоста на текстот е крајно едноставна – колку реченицата е пократка, составена од помал број зборови (и се разбира граматички правилна), толку е полесна за читање и полесна за разбирање. Доколку зборовите кои се користат во таа реченица му се познати на ученикот од порано и доколку не се премногу апстрактни, читливоста на таа реченица, па и самиот текст, значително се зголемува. При тоа, за да може учебникот да се искористи за поттикнување на развојот на јазичните компетенции на учениците, речениците во учебникот треба да бидат нешто подолги и поразвиени од

реченицте кои децата од одредена возраст спонтано ги користат во секојдневниот говор. Тоа значи дека должината и конструкцијата на реченицте во целиот текст на учебникот треба да одговараат на возраста на учениците.

### 2.5 Дизајн

Дизајнот на учебникот е првото нешто што се воочува кај него – дизајнот го создава првиот впечаток за учебникот. Од дизајнот зависи дали учебникот ќе предизвика интерес кај ученикот да го отвори, да го прелиста, да го разгледа и во крајна линија дали ќе го поттикнува да учи од него или ќе го одвраќа. Дизајнот го прави учебникт повеќе или помалку прегледен, естетски привлечен и отткука тој претставува подрачје на квалитетот на учебникот што станува многу значајно, особено кога се работи за учебници наменети за ученици на пониска возраст. Од тие причини, при подготовка на учебникот треба да се имаат предвид следните стандарди:

1. **Графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата на учебникот.**
2. **Графичкото обликување на учебникот обезбедува целосна прегледност на структурата и содржината на лекциите.**
3. **Надворешниот и внатрешниот изглед на учебникот задоволува естетски стандарди и го прави учебникот привлечен за учениците.**

Учебникот мора да има јасна и воочлива структура и таквата структура треба доследно се следи во целиот учебник. Тоа му овозможува на ученикот уште кај првите лекции лесно да се снаоѓа во него. Некогаш во воведниот дел може да се дадени и упатувања наменети за следење на одделните структурни елементи. Треба да се има на ум дека графичкото обликување на учебникот го определуваат две основни начела: прво, структурата на знаењата во предметното подрачје и второ, текот на когнитивните процеси кај учениците на коишто им е наменет учебникот.

Редоследот на тематските целини, поглавјата и потпоглавјата на свој начин го следи и поддржува редоследот на насловите на лекциите и поднасловите во рамки на лекциите, а

графичкото обликување на учебникот треба тоа видливо да го поддржи. Структурните елементи на лекцијата (очекуваните резултати од учењето, основниот текст, дополнителниот текст, илустрациите и активностите за учениците) треба визуелно да се разликуваат едни од други. Притоа, варијациите во големината, обликот и бојата на буквите, позиционирањето на елементите во рамки на лекциите и другите начини на нивно означување укажуваат на местото и важноста на одредената содржина во однос на другите содржини и целината на градивото. Така на пример, хиерархиската подреденост на насловите и поднасловите треба да се одрази на големината на буквите, па насловите на тематските подрачја треба да бидат најголеми, а поднасловите во лекциите со најмали букви. Важно е, еднаш воспоставеното обележување на насловите и поднасловите доследно да се применува низ целиот учебник.

Распоредот на илустрациите и нивното означување (насловување) треба да придонесува за нивно полесно поврзување со другите содржини во лекцијата и истовремено да нуди и модел како треба визуелно и графички да се претставуваат содржините. Илустрациите треба да се позиционирани така што лесно ќе се поврзат со основниот текст и во никој сличај не смеат да служат за пополнување на празнините. Илистрациите ќе ја извршат својата функција ако се графички квалитетни, односно јасни, читливи и доволно големи, но не преголеми да доминираат над другите содржини.

Активностите, како што беше порано кажано се многу важен аспект на учењето од учебник. Затоа е важно за ученикот тој дел од учебникот да биде посебно графички воочлив (посебно одделен, со различен облик на буквите, големина и сл.). Посебно графички можат да се одделат различните видови активности, при што може да се користат симболи (на пр. прашалник кога се поставуваат прашања, отворена книга кога од ученикот/група ученици се бара нешто дополнително да прочитаат, облаче, кога се бара за нешто да се размисли или продискутира во мала група, итн.). Користењето на јасно разбирливи графички симболи особено е препорачливо во учебниците за ученици од помала возраст.

Учебникот треба да има атрактивна корица што илустративно упатува на наставниот предмет на којшто се однесува. Доколку учебникот е дел од серија на учебници по ист

предмет, но за различни одделенија во ист образовен циклус, добро е тоа да биде препознатливо.

## 1. Критериуми за избор на учебници по странски јазици

Резултатите од пилотирањето на стандардите и индикаторите за вреднување на учебник дефинирани во Методологијата за вреднување на учебник укажуваат на фактот дека учебниците по наставните предмети за странски јазици (англсики јазик и др.) не треба да одобруваат преку нивно вреднување според индикаторите и стандрдите дефинирни во Методологијата за вреднување на учебник. Овие учебници се во издание на странски издавачки куќи и истите имаат поминато процес на рецензирање и вреднување во издвачката куќа во државата каде што се печатени/издадени. Заради тоа нивното одобрување за користење ќе реализира според посебни критериуми (дадени во продолжение), а ќе се користат од страна на комисијата за избор на учебник по објавен тендер или конкурс за учебник по странски јазик (англиски јазик, германски јазик, француски јазик, италјански јазик и др односно, странските јазици согласно наставниот план за основно или средно образование.

Критериумите за избор на учебник по наставните предмети за странски јазик (англиски јазик, гермнски јазик, француски јазик, италјански јазик и др. Согласно наставне план) се:

### 1. Усогласеност со наставните програми

(Овој критериум подразбира дека учебникот ги следи: подрачјата/модуларните единици предвидени со наставната програма; застапеноста на предвидените цели/резултати од учењето; вклученоста на поимите предвидени со наставната програма во учебникот.

### 2. Избор и приказ на содржини

(Овој критериум подразбира дека: лекциите во учебникот се презентирани на начин кој олеснува да се увиди што е тоа што учениците треба да го научат, од аспект на цели/очекувани резултати и наставни содржини; во учебникот се презентирани точни,

современи, научно засновани и релевантни сознанија; примерите и илустрациите во учебникот се во функција на наставните содржини и се прилагодени на учениците (возраста, потребите, афинитетите); учебникот содржи теми од современиот живот и/или теми кои имаат универзално значење (не застаруваат); учебникот содржи теми кои се структурирани, јасни и логички поврзани; нивото на тежина на содржините во учебникот соодветствува со барањата на наставната програма на нивото на когнитивниот развој на учениците; учебникот не развива и не поддржува стереотипи и предрасуди, туку промовира еднаквост и почитување на различности по сите основи (родова, религиозна, етничка, итн..); содржините и активностите во учебникот го одразуваат мултиетничниот состав, промовираат почитување на сите етнички заедници и ја поддржуваат меѓуетничката интеграција (во државата и ширум светот, без разлика на пол, боја, раса, потекло и религија); учебникот опфаќа теми со кои се практикува инклузија на основа на културна, родова, етничка, национална, образовна и друга припадност).

**3. Поврзаност со учењето и поучувањето**

(Овој критериум подразбира дека учебникот: е структуриран и организиран така да овозможува прегледност и го олеснува користењето; напишан така што им овозможува на учениците сами да учат од него;ги поттикнува учениците со различни предзнаења да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата од предметот; содржи различен поучувачки материјал, прашања кои поттикнуваат на критичко размислување, активности и други карактеристики кои ги мотивираат учениците и промовираат активно учење;содржи различен поучувачки материјал, содржини, активности и вежби, кои овозможуваат стекнување продуктивни, рецептивни и репродуктивни вештини и способности, во рамките на изучување на граматика, вокабулар и изговор.

**2. Јазик и стил**

(Овој критериум подразбира дека учебникот: е напишан со јасен стандарден јазик кој одговара на возраста на учениците; стилот на пишувањето го олеснува разбирањето на содржините и не содржи граматички, правописни и печатни грешки.

3. **Дизајн**

(Овој критериум подразбира дека: графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и содржините во учебникот и обезбедува целосна прегледност на структурата на содржината на лекциите.)